**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-1047**
**25.09 2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеји 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 година) во врска со член 12 и член 27 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-5567/1 од 23.09.2015 година, поради неисполнување на обврската од член 12 од Законот за медиуми од страна на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, Директорот на Агенцијата на ден 25.09.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, заради извршена повреда на член 12 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), а казнива по член 28 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, во неколку програми емитувани на 11 август 2015 година, не ги објавило податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецdown   ифицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-5567/1 од 23.09.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 година) и член 27 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските утврдени со членовите 6, 7, 12 и 13 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 27 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки против издавач на медиум согласно со овој Закон.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, Одделението за програмски и административен надзор, на 22 септември 2015 година, извршила административен надзор на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, при што било констатирано прекршување на член 12 од Законот за медиуми, односно во неколку програми емитувани на 11 август 2015 година - „Македонски историски моменти“ (документарна), „Астровизија“ (забавна), „Гласот на народот“ (информативна) и „Храна и здравје, со Жан Станоевски“ (одјавна шпица: само насловот од емисијата), не биле објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од точка 1 од оваа Одлука, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-5567/1 од 23.09.2015 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во врска со член 12 и член 27 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-5567/1 од 23.09.2015 година, поради констатирано прекршување на одредбата од член 12 од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, се презема мерка – опомена и му се наложи, во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, бр.10-5567/1 од 23.09.2015 година.

**Доставено до:**

- Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп;
- Управителот на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.